Автосообраќаен училишен центар - Qendra shkollore e autotrafikut
"Боро Петрушевски" на град Скопје - "Boro Petrushevski" e qytetit të Shkupit
Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Бр.Nr. 03-654/2
05.05 2026 год.viti

# Извештај за реализираните активности
# на Ученичкиот совет во 2025/2026 г.

Во текот на учебната 2025/2026 година, беа одржани повеќе седници на Ученичкиот совет, на кои се разгледуваа прашања од интерес на учениците. Во работата на Ученичкиот совет, учествуваа претседателите на сите заедници на паралелките, претседателот на ученичкиот совет, потпретседателот, генералниот секретар, двајца наставници и еден стручен соработник, избрани од Наставничкиот совет.

На 12.2.2026 г. се одржа конститутивна седница на Ученичкиот совет, на која, во согласност со Деловникот за работа, по пат на тајно гласање, беа избрани следните членови:

– претседател: Кристина Крајчева IV-2;

– потпретседател: Ермира Небија II-3;

– генерален секретар: Анѓела Филиповиќ II-1;

– координатор за I година: Роберт Арсов I-2;

– координатор за II година: Анѓела Филиповиќ II-1;

– координатор за III година: Алтин Мехмед III-8;

– координатор за IV година: Ергин Алиу IV-4.

– двајца претставници на Училишниот одбор: Ѓорѓи Димовски IV-1 и Бурхан Сејфула IV-5;

– тројца члена од Ученичкиот совет за комисија за избор на ученички правобранител и заменик-правобранител: Ѓорѓи Димовски IV-1, Бурхан Сејфула IV-5, Ергин Алиу IV4.

Ученичкиот совет се состои и од двајца наставници и еден стручен соработник, избрани од наставничкиот совет: Мимоза Гичевска – наставник, Халиме Демир-Хоруни – наставник и Елена Петровска – стручен соработник (психолог).

Втората седница на Ученичкиот совет се одржа на 30.3.2026 г. Седницата ја водеше претседателот на ученичкиот совет Кристина Крајчева. На седницата беше реализиран изборот за координативното тело на Ученичкиот совет, кој, според Деловникот за работа, се состои од координаторите по години и еден претставник од наставниците што го избира директорот. Координативното тело се состои од следниве членови:

− Роберт Арсов I-2, координатор на I година;

− Анѓела Филиповиќ II-1, координатор на II година;

– Алтин Мехмед III-8, координатор на III година;

– Ергин Алиу IV-4, координатор на IV година;

– Коце Тапшановски, наставник.

Во согласност со дневниот ред и Деловникот за работа, беше избрана и Комисија за доверба и соработка, составена од следниве членови:

– Анѓела Филиповиќ, генерален секретар;

– Елена Петровска, психолог;

– Кристина Крајчева, претседател на Ученичкиот совет.

На седницата, исто така, се реализираше дискусија на тема *Подигање на свеста кај учениците за штетноста од користење психоактивни супстанци*, при што учениците активно учествуваа со свои мислења и предлози. Во дискусијата, активно учествуваше и психологот на училиштето, за што имаше изготвено и презентација.

На 28.4.2026 г. се одржа третата седница на ученичкиот совет. На седницата, од страна на психологот на училиштето, беше реализирана работилница на тема *Препознавање и рана превенција на насилство*, со цел информирање и едукација на учениците. Во рамките на презентацијата беа опфатени основните поими поврзани со насилството, неговите форми и последици, како и механизмите за навремено реагирање и препознавање.

Исто така, се разговараше за постигнатиот успех и оценките на учениците, нивното однесување за време на наставата, како и за соработката со професорите. Беа изнесени тековни прашања и предлози, со цел подобрување на училишната клима и организација на идните активности.

На иницијатива на претседателот на Ученичкиот совет, се отвори дискусија за организирање на екскурзија. Учениците го прифатија предлогот и покажаа интерес да се реализира екскурзијата, доколку се исполнат потребните услови.

На последниот состанок, кој се одржа на 5.5.2026 г., беше реализирана работилница на тема *Видови конфликти и нивно ефикасно разрешување*. Во текот на работилницата, учениците се запознаа со поимот *конфликт*, видовите конфликти што најчесто се појавуваат во секојдневниот живот и во училиштето како и причините за нивното настанување. Се разговараше за недоразбирањата, навредите, различните мислења и несоодветната комуникација како чести причини за појава на конфликти помеѓу учениците. Преку дискусија и примери, учениците научија како конфликтите можат да се решаваат на мирен и ефикасен начин со употреба на соодветна комуникација, почитување на соговорникот, активно слушање и меѓусебно разбирање. Беше истакната важноста на контролирање на емоциите, избегнување навреди и насилно однесување, како и потребата од соработка и толеранција во секојдневната комуникација .

Учениците активно учествуваа во работилницата, изнесуваа свои мислења, искуства и примери од секојдневниот живот, со што придонесоа за успешно реализирање на активноста.

Исто така, беше подготвен и разгледан овој извештај за реализираните активности на Ученичкиот совет. Присутните членови дискутираа за активностите и едногласно го усвоија извештајот.

Како заклучок од сите одржани седници на Ученичкиот совет, може да произлезе дека учениците покажаа интерес, активност и одговорност за учество во работата на Ученичкиот совет. Преку реализираните активности се придонесе за развивање на демократската култура, подобрување на комуникацијата, меѓусебната соработка и позитивната училишна клима.

Претседател на Ученичкиот совет:

**Кристина Крајчева**

____________________

Секретар на Ученичкиот совет:

**Анѓела Филиповиќ**

____________________